# ИЗВЕШТАЈ ОД НАТПРЕВАРИТЕ ПО ХЕМИЈА ЗА 2020/21 ГОДИНА

Учебната 2020/21 година ќе остане запаметена како година во која, поради пандемијата со COVID-19, наставата во основните и средни училишта на територија на цела држава се реализираше online. И покрај тоа што наставата се одвиваше на далечина и со скратена програма, во услови кога е особено тешко да се доближи хемијата до учениците и да се мотивираат, Секцијата за образование при Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија реши да продолжи со организирање и реализирање на натпреварите по хемија за основното и средното образование.

Имајќи ја предвид актуелната здравствена состојба со пандемијата од COVID-19, Државната комисија за натпревари по хемија донесе одлука во учебната 2020/21 година натпреварите да се одвиваат, како и секоја година, во 3 циклуси, започнувајќи нешто подоцна од вообичаено: општински на 2 април, регионални на 7 мај и државен на 28–30 мај 2021 година, со надеж дека зголемувањето на денот и повисоките надворешни температури ќе бидат наши сојузници. Континуирано се следеше здравствениот билтен во државата со цел да се овозможи безбедност за сите учесници на натпреварите (ученици, ментори и членови на комисии), па циклусот натпревари се одржа кога беа создадени услови за тоа, со мало поместување: општински на 7 мај, регионални на 28 мај и државен на 16 и 17 јуни за учениците од основното и средното образование, соодветно.

За оваа учебна година, Државната комисија за натпревари по хемија во консултации со наставниците по хемија од основните и средните училишта донесе одлука општинските натпревари да се организираат online, но со присуство на учениците во училиштата. За организацијата на натпреварот и строго почитување на мерките за заштита и на здравствените протоколи (Протокол бр. 75 за основно, бр. 76 за средно образование: https://vlada.mk/protokoli-koronavirus) биле одговорни наставниците координатори, секој во своето училиште. Натпреварот се реализираше со решавање на тест online на платформата Classmarker за време од 30 минути за учениците од основното и 45 минути за учениците од средното образование. Текот на натпреварот беше следен од страна на членовите на Државната комисија и истиот беше сниман на повеќе канали на платформата MS Teams, за да се обезбеди објективност и веродостојност на постигнатите резултати. За беспрекорно одвивање на општинските натпревари беше составено упатство за работа со Classmarker за учениците, додека со менторите беше неопходна зачестена комуникација и координација, пред и за време на натпреварот.

Регионалниот натпревар се одржа на 28 мај 2021 во 22 основни и средни училишта во шесте региони, со присуство на учениците во училиште и решавање на класични тестови, со сите мерки на претпазливост и почитување на протоколите. За да нема собирање и задржување во училиштата, тестовите беа собрани и прегледани од членовите на Државната комисија и објавени на веб-страницата на СХТМ.

На 16 и 17 јуни 2021 година во Институтот за хемија на Природно-математичкиот факултет се одржа Државниот натпревар по хемија за учениците од основното и средно образование. По реализираните општински и регионални натпревари од вкупно пријавени **498** ученици од основно образование кои се натпреваруваа во 2 категории според наставните програми по хемија за VIII и IX одделение (VIII – 212, IX – 286 ученици) и **259**

ученици од средно образование во 4 категории според наставните програми по хемија за I, II, III и IV година на гимназиското образование (I – 116, II – 80, III – 49, IV – 14 ученици), на државниот натпревар по хемија се пласираа **83** ученици од основното образование, од кои 45 ученици од VIII и 38 ученици од IX одделение, и **65** ученици од средното образование во четири категории (I - 19, II - 17, III - 25 и IV – 4 ученици). За освоените прво место и први три награди учениците добија дипломи, нивните ментори пофалници, а другите натпреварувачи сертификати за учество. Списокот на првонаградените ученици на државниот натпревар по хемија за основното и на сите наградени ученици од средното образование во одделните категории е даден подолу, а целосни списоци со резултати се достапни на веб-страната на СХТМ:

(за основно: http://www.sctm.mk/natprevari-osnovno-2021-mk.htm,

за средно: http://www.sctm.mk/natprevari-2021-mk.htm).

## ПРВОНАГРАДЕНИ УЧЕНИЦИ НА ДРЖАВНИОТ НАТПРЕВАР ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ, 2020/21

| | **Ученик** | **Кат.** | **Училиште** | **Ментор** | **Општина** | **Вкупно** | **max %** | **Награда** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Ана Алексовска** | **VIII** | **ООУ „Гоце Делчев“** | **Катерина Величкова** | **Свети Николе** | **48,0** | **100,00** | **прво место** |
| 2 | Ива Додевска | VIII | ООУ „Христијан Карпош“ | Ивана Димовска Нојковска | Куманово | 47,9 | 99,79 | прва награда |
| 3 | Теона Ана Георгиевска | VIII | ООУ „Љубен Лапе“ | Љупка Лесовска | Аеродром | 46,5 | 96,88 | прва награда |
| 4 | Иван Буриќ | VIII | ООУ „Григор Прличев“ | Наумче Танески | Охрид | 46,4 | 96,67 | прва награда |
| 5 | Тамара Татабитовска | VIII | ООУ „Димитар Миладинов“ | Марија Апостолова | Центар | 46,2 | 96,25 | прва награда |
| **1** | **Иван Костевски** | **IX** | **ООУ „Димитар Влахов“** | **Славица Ефтимова** | **Штип** | **50,00** | **100,00** | **прво место** |
| 2 | Марио Ванчоски | IX | ООУ „Димитар Влахов“ | Славица Ефтимова | Штип | 49,00 | 98,00 | прва награда |
| 3 | Искра Дамјаноска | IX | ООУ „Димитар Миладинов“ | Марија Апостолова | Центар | 48,50 | 97,00 | прва награда |
| 4 | Јована Симоновска | IX | ООУ „Кузман Јосифовски Питу“ | Бинета Тодорова | Кисела Вода | 48,00 | 96,00 | прва награда |
| 5 | Петар Мирчевски | IX | ООУ „Рампо Левката“ | Анета Беличоска | Прилеп | 48,00 | 96,00 | прва награда |

# НАГРАДЕНИ УЧЕНИЦИ НА ДРЖАВНИОТ НАТПРЕВАР ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ, 2020/21

| | **Ученик** | **Катег.** | **Училиште** | **Општина** | **Ментор** | **ВК** | **%** | **Награда** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Јан Стојановски** | **I** | **ПСУ „Јахја Кемал“** | **Карпош** | **Емел Шериф Мифтар** | **50.0** | **100.00** | **прво место** |
| 2 | Ива Јанева | I | СОУ „Наум Наумовски-Борче“ | Пробиштип | Снежана Насевска | 42.0 | 84.00 | втора награда |
| 3 | Матеј Гелев | I | ПСУ „Јахја Кемал“ | Карпош | Емел Шериф Мифтар | 42.0 | 84.00 | втора награда |
| 4 | Емилија Николовска | I | ДСУ Математичко-информатичка гимназија | Карпош | Верче Маневска-Стефанова | 41.0 | 82.00 | втора награда |
| 5 | Оливера Наумовска | I | СУГС Гимназија „Раде Јовчевски-Корчагин“ | Центар | Биљана Петреска | 40.0 | 80.00 | втора награда |
| 6 | Ана Марија Атанасовска | I | СУГС „Георги Димитров“ | Карпош | Нада Јанковиќ | 35.0 | 70.00 | трета награда |
| **1** | **Дамјан Каранфиловски** | **II** | **СОУ Гимназија „Јосип Броз-Тито“** | **Битола** | **Борис Маслинко** | **40.0** | **100.00** | **прво место** |
| 2 | Мила Димитровска | II | ПСУ „Јахја Кемал“ | Карпош | Емел Шериф Мифтар | 34.0 | 85.00 | втора награда |
| 3 | Васил Кузмановски | II | СУГС Гимназија „Орце Николов" | Карпош | Ирена Мишевска | 31.5 | 78.75 | трета награда |
| 4 | Јован Стојковски | II | СУГС Гимназија „Орце Николов" | Карпош | Ирена Мишевска | 28.0 | 70.00 | трета награда |
| **1** | **Дарко Стојчев** | **III** | **СУГС Гимназија „Јосип Броз-Тито"** | **Центар** | **Ксенија Хаџи Тосева Аврамчева** | **48.5** | **100.00** | **прво место** |
| 2 | Amin Idrizovski | III | ПСУ „Јахја Кемал“ | Тетово | Sübilay Şabani | 35.5 | 73.20 | трета награда |
| **1** | **Михаил Трајков** | **IV** | **ПСУ „Јахја Кемал“** | **Карпош** | **Murat Durkaya** | **42.5** | **100.00** | **прво место** |